**20251933950**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на Трговскиот регистар и Регистар на други правни лица,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 септември 2025 година.

Бр. 08-4864/1
12 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

Член 1

Во Законот за еднношалтерскиот систем и за водење на Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица („Службен весник на Република Македонија” број 84/2005, 13/2007, 115/2007, 150/2007, 140/2008, 17/2009, 28/10, 17/11, 53/11, 70/13, 115/14, 97/15, 192/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 114/16, 98/19, 122/21 и 215/21), во член 3-а во ставот (2) зборовите: „Министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд“.

Член 2

Во член 13-а во ставот (2) зборовите: „Министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд“.

Член 3

Во член 13-б во ставот (4) зборовите: „Министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд“.

Член 4

Во член 23 во ставот (2) зборовите: „министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд“.

Член 5

Во член 34-г во ставот (2) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 6

Во член 34-д во ставот (2) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 7

Во член 41-а во ставот (2) зборовите: „министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд“.

Член 8

Во член 73 во ставот (1) зборовите: „министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд“.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.